**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-300/3**

**Скопје, 15.06.2006 година**

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија за 2005 година на сметката за редовно работење, кои се прикажани од страните 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   -Љупчо Јордановски - Претседател на Собранието на Република Македонија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 13.03 до 26.04.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Спроведување на законските прописи

10.1.1. Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека се исплатени плати и надоместоци **(Табела бр.1)** во вкупен износ од 6,759 илјади денари на девет (9) пратеници кои подолг период не учествувале во работата на Собранието.

Согласно Законот за пратениците,

- основна функција на пратеникот и негова должност е да присуствува на седниците на Собранието и работните тела;
- причините за оправданоста на отсуството на пратениците од седниците или работните тела ги оценува Претседателот на Собранието, односно Претседателот на работното тело и истите се прецизираат со Деловникот на Собранието.

Ревизијата констатира дека во Деловникот на Собранието не се наведени критериуми според кои се оценува оправданоста на отсуството на пратениците, со што оправдувањето е субјективно, а со тоа се доведува во прашање оправданоста на исплатата на платата и наведените надоместоци.

Имајки ја предвид основната функција на пратеникот според наведениот закон не постои основ за исплата на истите во периодот на отсуството.

**Табела бр.1**

во 000 Денари

| Плати и надоместоци | Износ |
|---|---|
| бруто плати | 5,899 |
| храна | 271 |
| паушал | 225 |
| мобилни телефони | 255 |
| надомест за вршење функција пратеник | 109 |
| **Вкупно** | **6,759** |

10.1.2. Согласно Одлуката за определување надоместок на трошоците за вршење на функцијата пратеник и Одлуката за определување надоместок на трошоците на пратениците за присуство на седниците на Собранието на Република

Македонија и на работните тела на Собранието, на пратениците им се исплатени:

- Поединечен месечен надомест во износ од 10 илјади денари, кој во 2005 година во вкупен износ изнесува 5,673 илјади денари и
- Поединечен надомест во висина на дневница за службено патување во земјата кој во 2005 година во вкупен износ изнесува 19,004 илјади денари.

И покрај препораката на ревизорите по извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година дека овие надоместоци се неоправдани согласно одредбите од член 8 и член 29 од Законот за плати и други надоместоци на пратениците, Собранието и во 2005 година има извршено исплата на овој вид надомест.
Со Одлуката за укинување на надоместокот на трошоците за вршење на функцијата пратеник, истиот се укинува во Јуни 2005 година.
Надоместокот на трошоците на пратениците за присуство на седниците е предвиден со новиот Закон за пратениците.
Имајќи предвид дека основната функција на пратеникот и негова должност е да присуствува на седниците на Собранието и работните тела, ревизијата е на мислење дека врз основа на наведената состојба се доведува во прашање законската основа за исплата на платата на групата пратеници.
Согласно надлежностите утврдени со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата е одговорна за утврдување на видот и висината на надоместоците на пратениците.

**Препораки и мерки**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата да го преиспита законскиот основ за исплата на надоместокот на трошоците на пратениците за присуство на седниците на Собранието на Република Македонија и работните тела.

## 10.2. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.2.1. Со увид во сметководствената евиденција на Побарувања за дадени аванси, ревизијата констатира дека:

- по предлог на пописната комисија извршен е отпис на побарувањето од едно лице, поранешен пратеник во износ од 114 илјади денари. Отписот е извршен поради застареноста на побарувањето кое потекнува од 1998 година, а за чие рефундирање Собранието на Република Македонија нема покренато постапка согласно одредбите од Законот за облигациони односи;
- побарувањето од еден пратеник, во износ од 64 илјади денари потекнува од 2002 година, а Собранието сеуште нема превземено соодветни правни мерки за наплата на истото.

Вр основа на наведеното произлегува констатација дека во Собранието на Република Македонија не се применува конзистетна сметководствена политика во случај на наплата и отпишување на ненаплатените побарувања од пратениците.

**Препораки и мерки**


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

Одговорното лице во Собранието на Република Македонија да воспостави сметководствена политика наменета за побарувањата и да ги превземе потребните активности за наплата или отпис на истите.

10.2.2. Ревизијата не беше во можност да се увери дека состојбата на обврските кон добавувачите искажани во сметководствената евиденција на Собранието во износ од 2,867 илјади денари се реално и објективно прикажани на ден 31.12.2005 година со примена на постапка на независно усогласување.

Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачи е потценета за износ од 1,930 илјади денари поради неевидентирани фактури за комуналии за месец Декември. За истиот износ е потценета и позицијата Активни временски разграничувања.

Преку извршеното интервју со раководителот на Секторот за финансиско материјално работење, ревизијата се информира дека овие обврски не се евидентирани поради усогласувањето на сметководствената евиденција со направениот попис на обврските кој е извршен пред добивањето на фактурите.

**Препораки и мерки**

Комисијата за попис на средствата и обврските на Собранието на Република Македонија, пописот на обврските да го врши откако ќе се спроведе сметководственото евидентирање на сите обврски кои се однесуваат на тековната година.

## 10.3. Законско и наменско користење на средствата

10.3.1. Со целосен опфат на набавките, ревизијата констатира дека од вкупните 57,072 илјади денари исплатени се 634 илјади денари за користење на интернет услугите (директен пристап до јазолот на Интернет) на МТ НЕТ без спроведување постапка согласно Законот за јавни набавки. Преку извршеното интервју со вработените во Собранието ревизијата се информира дека не е спроведена постапка поради неправилно толкување на член 5 од Законот каде што се наведени исклучоците за кои не се применува Законот.

**Препораки и мерки:**

Комисијата за јавни набавки да ги применува одредбите од Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Собранието на Република Македонија на ден 31 Декември 2005 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1. и 10.3. кај Собранието на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2004 година и тоа:
    - Донесена е Одлука за укинување на надоместокот на трошоците за вршење на функцијата пратеник и

- Спроведени се соодветни постапки за јавна набавка за изнајмување на опрема за симултан превод и организиран превоз согласно Законот за јавни набавки.

14. Ревизијата е на мислење дека е потребно да се обелодени следново:

- Структурата на вкупните расходи на Собранието на Република Македонија **(Графикон бр.1)** со цел да се преиспита можноста за рационализација на одредени расходи кои заземаат значајно учество во вкупната структура.

**Графикон бр1**

Структура на вкупните расходи на Собранието на РМ




- При исплатата на надоместокот на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели не функционираат интерните контроли односно исплатата на надоместокот се врши само врз основа на список за присуство на седница. Имено, пред почетокот на секоја седница се поднесува Евидентен лист за присуство на пратеници на седници во кој пратениците се изјаснуваат за видот на превозот. Пополнетиот Евидентен лист, Службата задолжена за тоа во Секторот за седници го предава на Генералниот секретар кој го препратува до Претседателот на Собранието за да го парафира;

**Скопје, 15/06/2005 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Собрание на Република Македонија**
**Средства од Буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 341,010 | 309,460 |
| **Вкупно приходи** | | **341,010** | **309,460** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 161,033 | 130,025 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2 | 90 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3 | 142,024 | 145,634 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 251 | 4,517 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **303,398** | **280,176** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 37,612 | 29,284 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **37,612** | **29,284** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **341,010** | **309,460** |

Образложенијата дадени од страна 10 до 20 се составен дел на финансиските извештаи

**Собрание на Република Македонија**
**Средства од Буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 1,392 | 623 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2 | 63 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 26,086 | 24,182 |
| Залихи | 4.1.4 | 2,058 | 1,541 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.5 | 0 | 23,426 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29,599** | **49,778** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 421,653 | 393,550 |
| **Вкупно постојани средства** | | **421,653** | **393,550** |
| **Вкупна актива** | | **451,252** | **443,328** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 2,867 | 14,372 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 8,469 | 5,512 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 14,750 | 10,165 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 1,455 | 274 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **27,541** | **30,323** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 423,711 | 413,005 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **423,711** | **413,005** |
| **Вкупна пасива** | | **451,252** | **443,328** |

Образложенијата дадени од страна 10 до 20 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Собрание на Република Македонија**
**Средства од Буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали ) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **411,464** | **1,541** | **413,005** |
| **Зголемување по основ на:** | **39,816** | **6,168** | **45,984** |
| Набавки | 2,022 | 6,168 | **8,190** |
| Бесплатно добиена опрема од Мобимак Клуб 360 | 2,404 | | **2,404** |
| Корекција по налог на ревизија од 2004 | 3,810 | | **3,810** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти -реконструкција | 31,580 | | **31,580** |
| **Намалување по основ на:** | **29,627** | **5,651** | **35,278** |
| Потрошок на залихата на материјали | | 5,510 | **5,510** |
| Отпис на залихата на материјали | | 141 | **141** |
| Амортизација | 29,627 | | **29,627** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **421,653** | **2,058** | **423,711** |

Образложенијата дадени од страна 10 до 20 се составен дел на финансиските извештаи